РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-1208/1
04. 08. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за филм на Република Северна Македонија
Agjencia për film e Republikës së Maqedonisë së Veriut

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2019-31.12.2019

Јули 2020 година, Скопје

Врз основа на член 21 став (1) алинеја 7 и член 33 став (2) од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 и 11/18), Управниот одбор на Агенцијата за филм донесе:

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Агенцијата за филм на Република Македонија (во понатамошниот текст „Агенција”) е формирана со Законот за филмската дејност[1] како правен наследник на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија.
Активностите на Агенцијата произлегуваат од нејзините надлежности утврдени во Законот за филмската дејност и другите прописи донесени врз основа на него, како и меѓународните договори од областа на филмот што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.

Законот се заснова врз следниве цели:

- Континуирано обезбедување средства за производство на домашни филмови и за други проекти во областа на филмската дејност.
- Развивање на современ препознатлив филмски израз на филмската продукција на Република Македонија.
- Поттикнување на меѓународни филмски копродукции со странските продуценти согласно ратификуваните меѓународни договори.
- Меѓународна промоција на филмското творештво на Република Македонија преку учество на меѓународни фестивали и манифестации
- Привлекување странски инвестиции за филмската и за телевизиската продукција во Република Македонија.
- Создавање стандардна кино мрежа во Република Македонија

Годишниот извештај за работа на Агенцијата ги содржи проектите избрани на конкурсите од членот 25 ставови (1) и (2) од законот за филмската дејност за претходната година, пренесените финансиски обврски за реализација на филмските проекти од претходните конкурси, како и средствата доделени за право на поврат на средства, за промоција и развој на филмската дејност во Република Северна Македонија, за презентација на домашниот филм во земјата и странство, за поддршка на развојот на дистрибуцијата на домашни филмови во Република Северна Македонија.

---

[1] *“Службен весник на РМ” бр.82/13,18/14,44/14,129/15, 152/15, 39/16 и 11/18*

Годишниот извештај ќе биде објавен на веб страната на Агенцијата, во рок од осум дена од денот на донесувањето.

1.1 Организација

Органи на Агенцијата се Директор и Управен одбор.
Директорот раководи со оваа институција, односно ја застапува, ја организира, координира и контролира работата на Агенцијата во согласно со закон. Директорот го именува Владата на Република Северна Македонија.

Управниот одбор на Агенцијата управува со оваа институција и ги одобрува планираните активности за поддршка и развој на филмската дејност. Управниот Одбор го сочинуваат претседател и четири членови. Претседателот и членовите се лица именувани од Владата на Република Северна Македонија.
За вршење на работи од надлежност на Агенцијата, директорот формира Филмски совет, именува филмски рецензенти, именува финансиски советник/ци и други надворешни соработници.

Филмски совет е составен од пет члена од редот на истакнати поединци од областа на филмот и културата и врши стручни работи од надлежност на Агенцијата и предлага мерки за унапредување на филмската дејност.

Филмски рецензенти и финансиски советник вршат евалуација на проектите за производство на филмови доставени на конкурс и други проекти и даваат мислење и оцена за финансиските и оперативните планови и буџет Овие лица имаат за цел со своите стручни познавања да помогнат при објективно оценување и евалуација на проектите за производство на филмови и други проекти доставени на конкурс.

Воедно во склоп на Агенцијата за филм на Република Македонија, во делот "Поттикнување на вложување средства во филмски, односно телевизиски проект" од Законот за филмската дејност во која е опфатена мерката Право на поврат на средства, формирана е **Комисија за право на поврат на средства** која ја именува Владата на Република Северна Македонија. Комисијата се состои од претседател и членови со мандат од две години.

1.2 Извори на финансирање на Агенцијата

Агенцијата средствата за работа, во согласност со закон ги обезбедува преку Буџетот на Република Северна Македонија и други извори утврдени со законот, односно се стекнува со средства и од:

- сопствени приходи од финансирање филмски проекти,
- вршење услуги од нејзина надлежност,
- соработка со меѓународни организации и институции,
- надоместоци на правни лица утврдени во овој закон,
- дотации, донации, спонзорства, подароци, завештанија и други извори утврдени со закон и
- приходи од управување со слободните парични средства на Агенцијата.

Со примена на законот за филмската дејност во 2014 година, Агенцијата започна да се стекнува со средства од надоместоци на правни лица и тоа:

- 0,9 % од приходот на телевизиските програмски сервиси на национално ниво,
- 0,9 % од приходот на телевизиските програмски сервиси на регионално ниво,
- 0,9 % од приходот на телевизиските програмски сервиси на локално ниво,
- 1% од приходот на операторите на јавните електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси на радиодифузерите,
- 1% од приходот на правните лица кои обезбедуваат пристап до интернет
- 5 % од приходот на правни лица кои вршат дејност кино прикажување на филмови,
- 2 % од приходот на правни лица кои вршат дејност дистрибуција, изнајмување или продажба на филмови

1.3 Извештај за надоместоците утврдени во член 12 став (1) алинеи од 1 до 7 од Законот за филмската дејност, и преземените мерки за навремено прибирање на средствата од утврдените надоместоци

Согласно член 12 став (2) од Законот за филмската дејност, надоместоците правните лица ги пресметуваат од вкупниот годишен приход остварен претходната година, од дејноста која претставува основ за нивно утврдување како и податоците за остварени приходи од член 13 став (1) од Законот за филмската дејност се доставуваат до Агенцијата најдоцна до 15 март во тековната година.

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за филмската дејност, Агенцијата по добиените податоци за остварени приходи од вршењето на дејностите од членот 12 став (1) алинеи од 1 до 7 на правното лице му издава решение за утврдување на висината на надоместоците кои потребно е да се уплатат на сметка на Агенцијата најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Во периодот од 01.01.2018-31.12.2018 год, врз основа на член 12 став (1) алинеи 1 до 7 од Законот за филмската дејност, врз основа на доставени податоци за остварени приходи во претходната 2017 година, издадени се решенија за утврдување на надоместок во вкупен износ од 62.932.637 денари. Воедно од страна на издадените решенија Агенцијата до 31.12.2019 година има остварено приход во вкупен износ од 44.528.841 денари

Член 12 став 1 алинеја 1: Надоместоци стекнати од правни лица кои остваруваат приходи на Телевизиските програмски сервиси на НАЦИОНАЛНО НИВО

Согласно Регистар на Радиодифузери што емитуваат телевизиска програма - Регистар на телевизии објавен на веб страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доставени се податоци за остварен приход од страна на 14 правни лица и за истите се издадени решенија. Согласно издадени Решенија, Агенцијата очекува приходи во износ од 9.904.914 денари, при што Агенцијата до 31.12.2019 година не оствари приход согласно оваа алинеја.

Член 12 став 1 алинеја 2: Надоместоци стекнати од правни лица кои остваруваат приходи на Телевизиските програмски сервиси на РЕГИОНАЛНО НИВО

Согласно Регистар на Радиодифузери што емитуваат телевизиска програма - Регистар на телевизии објавен на веб страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доставени се податоци за остварени приход од 21 правно лице.

Согласно издадени Решенија, Агенцијата очекува приходи во износ од 288.914 денари, при што Агенцијата до 31.12.2019 година не оствари приход согласно оваа алинеја.

Член 12 став 1 алинеја 3: Надоместоци стекнати од правни лица кои остваруваат приходи на Телевизиските програмски сервиси на ЛОКАЛНО НИВО

Согласно Регистар на Радиодифузери што емитуваат телевизиска програма - Регистар на телевизии објавен на веб страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, регистрирани правни лица има вкупно 21, приходи имаат пријавено вкупно 6 правни лица

Согласно издадени Решенија, Агенцијата очекува приходи во износ од 33.414 денари, при што Агенцијата до 31.12.2019 година не оствари приход согласно оваа алинеја.

Член 12 став 1 алинеја 4: Надоместоци стекнати од правни лица кои остваруваат приходи на операторите на јавните електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси на радиодифузерите

Согласно Регистар на оператори кои реемитуваат програмски пакети - Регистар Оператори објавен на веб страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, податоци за остварен приход доставиле вкупно 41 правни лица и за истите се издадени решенија за утврден надоместок.

Согласно издадени Решенија, Агенцијата очекува приходи во износ од 17.143.095 денари. Уплата на надоместок извршиле 17 правни лица во вкупен износ од 12.143.095 денари.

Член 12 став 1 алинеја 5: Надоместоци стекнати од правни лица кои остваруваат приходи на правните лица кои обезбедуваат пристап до интернет

Согласно Листа на нотифицирани субјекти – нотификација за меѓуоператорски услуги објавена на веб страна на Агенција за електронски комуникации (АЕК), податоци за остварен приход доставиле вкупно 85 правни лица и за истите се издадени решенија за утврден надоместок

Согласно издадени Решенија, Агенцијата очекува приходи во износ од 33.398.830 денари. Уплата на надоместок извршиле 63 правни лица во вкупен износ од 27.391.140 денари.

Член 12 став 1 алинеја 6: Надоместоци стекнати од правни лица кои остваруваат приходи на *правните лица кои вршат дејност киноприкажување на филмови*

Агенцијата за филм има издадено 6 решенија за утврдување на надоместок согласно доставени податоци од правните лица кои вршат дејност кино прикажување на филмови.

Согласно издадени Решенија, Агенцијата очекува приходи во износ од 3.377.346 денари. Уплата има извршено само едно правно лице и тоа во вкупен износ од 3.777. 346

Член 12 став 1 алинеја 7: Надоместоци стекнати од правни лица кои остваруваат приходи на правните лица кои вршат дејност дистрибуција, изнајмување или продажба на филмови

Податоци за остварен приход доставиле вкупно 12 правни лица и за истите се издадени решенија за утврден надоместок.

Согласно издадени Решенија, Агенцијата очекува приходи во износ од 288.247 денари. Уплата имаат извршено 7 правни лица, при што Агенцијата има остварено приход од 281.279 денари.

Од страна на Агенцијата преземени се мерки за навремено прибирање на надоместоците од правните лица кои не ја извршиле уплатата во дадениот рок. Поведени се постапки од страна на ангажирано лице адвокат кој ја застапува Агенцијата пред надлежните органи. Досега (од 2014-2017 година) по сите алинеи поведени се вкупно 52 постапки врз основа на издадени решенија кои не се навремено уплатени. Од вкупно поведените постапки, преку издаден нотарски налог извршени се вкупно 19 решенија. Активни судски постапки кои се водат пред надлежни судови се за следниве правни лица:

АЛИНЕЈА 1

1. Трговско Радиодифузно дрштво Алсат М ДОО Скопје
2. Трговско Радиодифузно дрштво 24 Вести ДООЕЛ Штип
3. Трговско Радиодифузно дрштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје
4. Трговско Радиодифузно дрштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ
5. Трговско Радиодифузно дрштво АЛФА ТВ ДООЕЛ
6. Јавно радиодифузно претрпијатие МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗЈА Скопје

АЛИНЕЈА 2

1. Трговско Радиодифузно дрштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје
2. Телеканал А1 ДООЕЛ
3. Трговско Радиодифузно дрштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ
4. Трговско радиодифузно друштво КТВ Кавадарци
5. Трговско друштво за радиодифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје
6. Трговско радиодифузно друштво ТВ Стар ДОО Штип

7. Трговско радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово
8. Трговско радиодифузно друштво телевизија КОБРА ДОО Радовиш
9. Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово
10. Трговско радиодифузно друштво Регионална ТВ 02 ДООЕЛ Скопје
11. Трговско друштво за радиодифузиј ТВ - КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица
12. Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ Скопје
13. Трговско радиодифузно друштво ХДТВ Мега ДООЕЛ Скопје
14. Трговско радиодифузно друштво ХДТВ Канал Плус ДООЕЛ Скопје

АЛИНЕЈА 3

1. Трговско радиодифузно друштво Канал Еден Телевизија ДООЕЛ Велес
2. Трговско радиодифузно друштво Телевизија Плус ДОО Куманово
3. Трговско радиодифузно друштво ТВ Калтрина ДООЕЛ Мазар Татеши, Струга
4. Трговско радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид
5. Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани
6. Трговско радиодифузно друштво Телевизија Хана Мевљан ДООЕЛ Куманово
7. Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес
8. Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип
9. Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ Канал Визија ДООЕЛ Прилеп

АЛИНЕЈА 4 И 5

1. Друштво за производство, трговија и услуги КАБЕЛ АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Македонски Брод
2. Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ Интернет Груп ДООЕЛ увоз-извоз Куманово
3. Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово
4. Друштво за компјутерски услуги и трговија МОЛ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје
5. Трговско радиодифузно друштво ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје
6. Трговско друштво за радиодифузија Интел ДОО Струмица
7. Друштво за производство, трговија и услуги НОВОНЕТ ДООЕЛ Ново Село
8. Друштво за производство, трговија, услуги и телекомуникации ТВ НЕТ КОМУНИКАЦИЈА ДОО с. Батинци, Студеничани
9. Трговско радиодифузно друштво ТВ Артан ДООЕЛ Тетово
10. Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар
11. Трговско друштво кабелски оператор САНЕТ КАБЕЛСАТ ДООЕЛ Виница
12. Друштво за производство, трговија, и услужни активности КТВ ПЕШНА увоз-извоз ДООЕЛ Македонски Брод
13. Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип
14. Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје
15. Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДОО Пробиштип

16. Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КРАТЕЛСАТ ДООЕЛ Виница
17. Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги ВИН САТ ДОО Виница

АЛИНЕЈА 7

1. ЦИНЕПЛЕХХ МКД ДОО

2. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ДОДЕЛЕНА ЗА ПРОЕКТИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ПРЕКУ ОБЈАВА НА КОНКУРСИ ВО 2019Г.

*1 Проекти за производство на долгометражен и на краткометражен игран, документарен и анимиран филм

Во текот на 2019 година донесени се две Одлуки (по двата рока на одлучување по Конкурс за поддршка на проекти за производство за долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм) за финансирање на вкупно триесет проекти за производство на долгометражен и на краткометражен игран, документарен и анимиран филм. Од нив шест се долгометражни играни филмови со македонски мнозински удел, десет се проекти за долгометражен игран филм со македонско малцинско учество, пет се долгометражни документарни филмови, шест се краткометражни играни, еден краткометражен документарен филм и еден краткометражен анимиран филм со македонски мнозински удел.

Во табеларните прикази во продолжение се разложени финансиските средства доделени по конкурси објавени од Агенцијата во дадениот период:

Долгометражни играни филмови – поддржани вкупно шеснаесет проекти

Долгометражни играни филмови – национални филмови и мнозински копродукции – поддржани шест проекти

Долгометражни играни филмови – малцински копродукции – поддржани десет проекти

Табела 1: Долгометражни играни филмови – национални филмови и мнозински копродукции

Продуцент	Режија	Наслов	Износ на поддршка (МКД)
Кино око ДООЕЛ Скопје	Васил Христов	**Вечерен акт**	34.800.000
Фрагмент филм ДООЕЛ Скопје	Ѓорче Ставревски	**Трампи**	30.000.000
Аполо Креативни Решенија	Тамара Котевска	**Човек против јато**	20.000.000

Ново Македонско Видео ДООЕЛ Скопје	Срѓан Јанакијевиќ	Осветлен	21.500.000
Мануфактура Продукција ДООЕЛ Скопје	Ибрахим Деари	Сите го викаат Рецо	23.000.000
Македонска крепост ДООЕЛ Скопје	Саша Станишиќ	Денот на жената	23.000.000
		Вкупно:	152.300.000

Табела 2: Долгометражни играни филмови – малцински копродукции

Продуцент	Режија	Наслов	Износ на поддршка (МКД)
Сектор филм ДООЕЛ Скопје	Винко Модерндофер	Ноќен квартет	2.800.000
Сестри и брат Митевски Скопје	Пјер Жалица	Празник на трудот	4.000.000
Пигменто студио ДООЕЛ Скопје	Иса Ќоса	Скајп	2.600.000
Круг филм ДООЕЛ Скопје	Станислав Томиќ	По тамбурите	3.700.000
Скопје филм студио ДООЕЛ Скопје	Газменд Нела	Молк на сирените	3.000.000
Сектор Филм ДООЕЛ Скопје	Vinci Vogue Anzlovar	Дедо оди на југ	4.000.000
Алка Филмс ДООЕЛ	Александра Кардалевска	Изгубената тајна	9.000.000
Скопје Филм Студио ДООЕЛ Скопје	Срѓан Вулетиќ	GYM	2.700.000
Сестри и Брат Митевски Продукција ДООЕЛ Скопје	Матијас Малзиу	Сирена во Париз	4.000.000
Лист Продукција ДООЕЛ Скопје	Парта Келменди	Ера	3.000.000
		Вкупно:	38.800.000

Долгометражни документарни филмови – поддржани вкупно шест проекти

Долгометражни документарни филмови – национални филмови и мнозински копродукции – поддржани вкупно пет проекти
Долгометражни документарни филмови – малцински копродукции – поддржан вкупно еден проект

Табела 3: Долгометражни документарни филмови – национални филмови и мнозински копродукции

Продуцент	Режија	Наслов	Износ на поддршка (МКД)
Стримон филм ДООЕЛ Скопје	Николче Поповски	Кодот на Преспа	2.000.000

Еклипс 92 ДООЕЛ Скопје	Филип Херин	**Глумата како професија/мисија**	1.800.000
Супер продукција ДООЕЛ Скопје	Коста Марковски	**Небо замја точак**	1.500.000
Лист Продукција ДООЕЛ Скопје	Лидија Мојсовска, Марија Апчевска , Вардан Тозија, Дина Дума	**Нејзината приказна**	2.500.000
Трипле-С Траде ДООЕЛ	Ќендрим Ријани	**Ветената земја**	3.000.000
		Вкупно:	**10.800.000**

Табела 4: Долгометражни документарни филмови – малцински копродукции

Долгометражни документарни филмови - малцински копродукции

Фирма	Режија	Наслов	Износ на поддршка (МКД)
Трис Филмс ДООЕЛ Скопје	Стефан Палитов	**Човек од Машината**	2.300.000
		Вкупно:	**2.300.000**

Краткометражни играни филмови – поддржани вкупно шест проекти

Краткометражни играни филмови – национални филмови и мнозински копродукции – поддржани вкупно шест проекти
Краткометражни играни филмови – малцински копродукции – нема поддржано проекти во 2019 година

Табела 5: Краткометражни играни филмови – национални филмови и мнозински копродукции

Продуцент	Режија	Наслов	Износ на поддршка (МКД)
Кино Око ДООЕЛ Скопје	Марија Апчевска	**Северниот пол**	2.200.000
Минимал колектив	Лавинија Софрониевска	**Обичната Ели**	800.000
ОДА ДОО Тетово	Берат Асани	**Сети се**	2.200.000
Лајт продакшн ДОО Скопје	Александра Кардалевска	**Сценариото**	800.000
Сектор Филм ДООЕЛ Скопје	Алекс Цветков	**Почва**	2.800.000
ОХО Продукција ДООЕЛ Скопје	Сандра Ѓоргиева	**Еден тон патлицани**	900.000
		Вкупно:	**9.700.000**

Краткометражни документарни филмови – поддржан вкупно еден проект

Краткометражни документарни филмови – национални филмови и мнозински копродукции – поддржан еден проект
Краткометражни документарни филмови – малцински копродукции – нема поддржано проекти во 2019 година

Табела 6: Краткометражни документарни филмови – национални филмови и мнозински копродукции

Продуцент	Режија	Наслов	Износ на поддршка (МКД)
Луна парк продукција ДООЕЛ Скопје	Анастасија Л. Пиллинг	Звукот на тишината	2.000.000
		Вкупно:	**2.000.000**

Краткометражни анимирани филмови – поддржан вкупно еден проект

Краткометражни анимирани филмови – национални филмови и мнозински копродукции – поддржан еден проект
Краткометражни анимирани филмови – малцински копродукции – нема поддржано проекти во 2019 година

Табела 7: Краткометражни анимирани филмови – национални филмови и мнозински копродукции

Краткометражни анимирани филмови - национални филмови и мнозински копродукции

Продуцент	Режисер	Наслов на проект	Износ на поддршка (МКД)
Фокус покус филм ДОО Скопје	Крсте Господиновски	**Неми филмови**	1.300.000
		Вкупно:	**1.300.000**

*2 Проекти за организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер

Наслов на фестивалот	Назив на организатор	Износ на поддршка (МКД)	Износ на поддршка (ЕУР)
ИФФК „Браќа Манаки“ 40. издание	Друштво за филмските работници на Република Македонија	9.500.000	154.472

Меѓународен фестивал на креативен документарен филм „Македокс“	Здружение за промоција на документаристика Македокс Скопје	2.600.000	42.276
„ЕХО“ Фестивал на планински филм	Здружение на граѓани за организација на филмски фестивал „Алпинизам“ ОРГ Скопје	300.000	4.878
„Cinedays“ 18. Фестивал на европски филм	ЈУ Младински културен центар Скопје	3.000.000	48.780
„Тетова интернатионал филм фестивал- ТИФФ ОДА“	Здружение за филмски уметници Тетова интернационл филм фестивал	3.000.000	48.780
“Скопје филм фестивал 2019”	Здружение за филмска продукција и дистрибуција Скопје Филм фестивал-Скопје	2.500.000	40.650
„Филозофски филмски фестивал (ФФФ)“	Здружение на граѓани „Филозофско друштво на Македонија“	800.000	13.008
Патувачко кино „Македокс 2019“	Здружение за промоција на документаристика Македокс Скопје	300.000	4.878
„48. Државен фестивал на непрофесионален филм“	Кино сојуз на Македонија	120.000	1.951
27. Интернационален фестивал на аматерски документарен филм „Камера 300“	Здружение Кино видео клуб Студио Милтон Манаки Битола	200.000	3.252
„Џифони Македонија“ Филмски фестивал за млади	Здружение за медиумска писменост Планет-М	1.500.000	24.390
XIV Интернационален филмскии фестивал „Астерфест 2019“	Друштво за филмска продукција и услуги Револутион ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	800.000	13.008
„Златно тркало 2019“	Друштво за видео и аудио продукција Супер продукција БТР ДООЕЛ Скопје	300.000	4.878
Денови на македонски филм „Златна рамка“	Друштво за филмските работници на Република Македонија	1.500.000	24.390
„Џифони патува“ Филмски фестивал за млади	Здружение за медиумска писменост Планет-М	400.000	6.504
Фестивал на нов европски филм „Beach Film Festival“	Друштво за филмска и аудиовизуелна продукција ПИК Продукција увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп	300.000	4.878
„Меѓународен фестивал на етнографски филм ЕТНОФФ“	Македонско студентско етнолошко друштво Скопје	75.000	1.220
Меѓународен филмски фестивал за анимиран филм - „Анимакс Скопје Фест“	Аурипигмент ДООЕЛ Скопје	300.000	4.878
	Вкупно доделена поддршка	**27.495.000**	**447.073**

* 3 Проекти за издавање на публикации од областа на филмската дејност

Назив на проект	Назив на организатор	Износ на поддршка (МКД)	Износ на поддршка (ЕУР)
„Замислување на мирот: дијалог за перцепцијата“	Здружение на граѓани „Филозофско друштво на Македонија“ Скопје	120.000	1.951
„Нов кадар МК“	Фондација за негување на македонското културно наследство Македонија Скопје	300.000	4.878
Издавање на два броја 55/56 од списанието „Кинопис“ во 2019	Н.У. Кинотека на Македонија	150.000	2.439
Монографија по повод 40 години постоење на ИФФК „Браќа Манаки“	Н.У. Кинотека на Македонија	500.000	8.130
Месечно списание за филм „Филм +“	Здружение за промовирање на ангажиран однос кон филмската култура Аквариус	350.000	5.691
	Вкупно доделена поддршка	**1.420.000**	**23.089**

*4 Поддршка за стручно и за професионално усовршување на кадри од областа на филмот

Наслов на програма / работилница	Износ на поддршка (МКД)	Износ на поддршка (ЕУР)
Script Lab 2019 TorinoFilmLab - Италија	107.000	1.740
LIM Less Is More - TorinoFilmLab - Романија	39.000	634
BelDocs Academy Programme - Србија	15.680	255
MFI Scripr2 Film - Грција	169.624	2.758
Balcans Beyond Borders - Грција	17.741	288
LIM Less Is More - Полска, Романија, Франција	134.685	2.190
East Silver Jihlava -	15.790	257
	499.520	**8.122**

3. ПРЕМИЕРНО ПРИКАЖУВАЊЕ ВО 2019 ГОДИНА НА МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛНИ ФИЛМОВИ, МНОЗИНСКИ И МАЛЦИНСКИ КОПРОДУКЦИИ ПОДДРЖАНИ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ

Во текот на 2019 година премиерно се прикажани вкупно 30 филмови, а поддржани од страна на Агенцијата за филм и тоа:

Долгометражни играни филмови – национални филмови и мнозински копродукции

Наслов на проект	Режија	Продукција	Земји во копродукција	Времетраење
Господ постои, нејзиното име е Петрунија	Теона С. Митевска	Сестри и брат Митевски	МК – BE – SI – FR – HR	100'
Незаборавна пролет во заборавено село	Куштрим Бектеши	Мануфактура продукција	МК – AL – XK	119'
Втора шанса	Марија Џиџева	Смалл мовес	МК – RS	80'
Врба	Милчо Манчевски	Банана филм	МК – HU – BE	101'
Проект хепинес	Борјан Зафировски	Ново македонско видео	МК -	90'
Дедо и внук	Илија Пиперковски	Дрим Фектори	МК	108'

Долгометражни играни филмови – малцински копродукции

Наслов на проект	Режија	Продукција	Земји во копродукција	Времетраење
Пијавици	Драган Маринковиќ	Панк филм	RS - HR - МК	90'
Неповратно лето	Бесник Биша	АРБ Филм	AL - МК	90'
Полусестра	Дамјан Козоле	Сестри и брат Митевски	SI - МК- RS	105'
Глас	Огњен Свиличиќ	Скопје филм студио	HR - МК - RS	80'
И покрај маглата	Горан Паскаљевиќ	Сектор филм	IT - МК - RS - FR	100'

Документарни филмови – национални филмови и мнозински копродукции

Наслов на проект	Режија	Продукција	Земји во копродукција	Времетраење
Медена земја	Тамара Котевска / Љубомир Стефанов	Трис филмс	МК - US	85'
Ѕвезден запис на Кокино	Сашо Миленковски	ДМФ Филмс	МК	75'
Театарот во Скупи	Владимир Блажевски	Фокус покус филмс	МК	51'
Приказна за една зграда	Билјана Гарванлиева, Мануел Зимер	Дрим фектори	МК - DE	65'
Господа од современа	Ана Алексовска	Лист продукција	МК	32'
Џезмен	Аљоша Симјановски	Зојдер	МК	99'
(Кеиф) Македонска чалгиска традиција	Блаже Дулев	Авард филм и видео	МК	94'
Писмото ми го донесе шампионот	Александар Манасиев / Мирко Трајановски	Видео студио Петковски	МК	56'

Краткометражни играни филмови – национални филмови и мнозински копродукции

Наслов на проект	Режија	Продукција	Земји во копродукција	Времетраење
Бебето	Бен Аполони	Кодра филм	МК	16'

		Прокукцион		
СК2020	Радован Петровиќ	Кино око	МК	21'
Другарот	Димитар Оровчанец	Самојлик филм	МК	16'
Идентитет	Емран Мемеди	Фраме ин продукцион	МК	24'
Вера	Верица Недеска	Стори скоп продукција	МК	17'
Јас не сум Игор	Сергеј Георгиев	Контраст филм	МК	20'
Змија	Андреј Илиевски Волкашин	Веда филм продакшнс	МК - BG	20'
Јов	Александар Андоноски	Видео студио Петковски	МК	22'
Налепница	Георги М. Унковски	Синема футура	МК	19'

Краткометражни анимирани филмови – национални филмови и мнозински копродукции

Наслов на проект	Режија	Продукција	Земји во копродукција	Времетраење
Една	Вук Митевски	Сестри и брат Митевски	МК - BE	11'
Змијулче	Кристина Гацова/ Жарко Иванов/ Крсте Господиновски	Флип бук продукција	МК	10'

*Прикажување на меѓународни фестивали на македонски национални филмови, мнозински и малцински копродукции поддржани од страна на агенцијата за филм и освоени награди во 2019 година

Годината 2019 може да се одбележи како година во која македонскиот филм има навистина маркантен успех, особено во делот на мнозинските копродукции и документарниот филм.

Следејќи го учеството на македонските филмови на меѓународни фестивали, може да се каже дека ова е една повеќе од исклучително успешна година, со приближно 200 учества на меѓународните филмски фестивали ширум светот и со повеќе од 60 награди.

Во овој дел неизбежно е да се спомене значителниот успех на „Медена земја“ во режија на Тамара Котевска и на Љубомир Стефанов, кој на светската премиера на Меѓународниот филмски фестивал „Санденс“ освои дури три награди, прикажан на повеќе од 55 етаблирани филмски фестивали ширум светот и добитник на повеќе од 27 награди, филм номиниран во категоријата „Европски документарен филм“ на Европските филмски награди и македонски кандидат за Оскар.

„Господ постои, нејзиното име е Петрунија“ на Теона Стругар-Митевска, својата светска премиера ја имаше на Берлинскиот филмски фестивал во официјалната селекција. Досега е дистрибуиран во 28 земји ширум светот и прикажан на 74 филмски фестивали со 23 освоени

награди. Филмот е еден од трите европски филмови во официјалната селекција за престижната награда на Европскиот парламент – ЛУКС (LUX Prize).

Нашата млада режисерка Елеонора Венинова имаше проекција на својот краткометражен филм „Знакот" на 51. издание на престижната програма Directors' Fortnights (Quinzaine des Réalisateurs) што се одржува за време на Канскиот филмски фестивал. Краткометражниот филм на Елеонора беше еден од петте филмови од регионот реализирани во рамките на проектот SEE Factory, кој е овозможен од Агенцијата за филм и од регионалните филмски фондови (Босна и Херцеговина, Србија, Словенија и Црна Гора).

Најновиот филм на Милчо Манчевски својата светска премиера ја имаше во месец октомври на етаблираниот Филмски фестивал во Рим, а до крајот на годинава влезе и во селекциите на фестивалот во Тајпеј, Тајван и на филмскиот фестивал во Талин, Естонија.

Филмот „Исцелител" на Ѓорче Ставрески, кој својата премиера ја имаше во 2017 година и оттогаш беше прикажан на повеќе од 50 фестивали ширум светот освојувајќи многубројни награди, вбројувајќи се во најуспешните македонски продукции за таа година, го продолжува своето фестивалско прикажување и во 2019 година, со селекција на седум интернационални филмски фестивали.

Од филмовите со македонско малцинско учество, а кои својата премиера ја имаа во 2019 година, позначително фестивалско учество постигнаа: „Пијавици" во режија на Драган Маринковиќ (копродукција помеѓу Србија, Хрватска и Северна Македонија) со четири фестивалски учества и три награди во 2019 година, „Полусестра" во режија на Дамјан Козоле (копродукција помеѓу Словенија, Северна Македонија и Србија) со 16 фестивалски учества и освоена една награда, „Незаборавна пролет во заборавено село" во режија на Куштрим Бектеши (копродукција помеѓу Албанија и Северна Македонија) со три фестивалски учества и со една освоена награда, „Гласот" во режија на Огњен Свиличиќ (копродукција помеѓу Хрватска, Северна Македонија и Србија) со три фестивалски учества и „Ловци на вештерки", српско-македонска копродукција во режија на Рашко Миљковиќ, со 19 фестивалски учества и со две освоени награди.

5.ПОЗНАЧАЈНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР ВО ОРГАНИЗАЦИЈА / КООРГАНИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ

Во текот на 2019 година, Агенцијата за филм, врз основа на членството во меѓународните филмски организации, склучени договори и воспоставени контакти, организираше неколку настани од промотивен и од едукативен карактер за филмската дејност. Во продолжение се поважните преставувања и активности:

МАКЕДОНСКАТА КИНЕМАТОГРАФИЈА НА БЕРЛИНСКИОТ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ И НА ЕВРОПСКИОТ ФИЛМСКИ МАРКЕТ (ФЕВРУАРИ, 2019)

„Господ постои, нејзиното име е Петрунија“ во официјалната програма на Берлинале

Берлинскиот филмски фестивал оваа година го имаше своето 69. издание на кое Македонија за прв пат после дваесетина години во главната програма има свој филм –„Господ постои, нејзиното име е Петрунија“, најновото остварување на режисерката Теона С. Митевска. По повод овој голем успех за македонската кинематографија, во Берлин беа организирани македонска вечера и прием (коктел-забава), кои ги посетија значајни имиња од светската филмска индустрија, а на кои присуствуваше и министерот за култура, г. Асаф Адеми.

Одржани состаноци со етаблирани личности од филмската дејност

Освен присуството на светската премиера на филмот, во организација на Агенцијата за филм беа организирани средби со етаблирали личности од филмската дејност на кои присуствуваа Министерот за култура и Директорот на Агенцијата за филм.

Организација на престојот на македонскиот учесник во проектот Shooting Stars 2019 – дел од програмата на European Film Promotion (08-12.02.2019)

Македонскиот актер Благој Веселинов оваа година беше избран како еден од десетте најдобри млади европски актери учесници во проектот Shooting Stars 2019 – дел од програмата на Euroepean Film Promotion, предложен од страна на Агенцијата за филм, која е членка во оваа Организација.

Како дел од овој проект, десетте млади актери од Европа имаа можност да бидат јавно претставени на Берлинале – Меѓународен филмски фестивал – како sвезди во подем, станаа дел и од посебна платформа, која нуди единствена можност за остварување на директни средби со кастинг-директори, продуценти и воопшто филмски професионалци од целиот свет. Ова е голем успех за Благој Веселинов, не само како признание на неговата досегашна работа туку како отворање на широка врата за негова меѓународна кариера, а воедно и за Македонија кон светската кинематографија.

Неговото последно актерско остварување, улогата на Веле во филмот „Исцелител“ на Ѓорче Ставревски, е круцијално за жирито на Берлинскиот филмски фестивал да го избере за учесник во овој проект.

Во рамките на проектот Shooting Stars Македонија досега учествувала со две актерки – Лабина Митевска (1998) и со Наташа Петровиќ (2011).

Македонски филм на Европскиот филмски маркет

Освен горенаведените активности, Агенцијата за филм од својот годишен буџет издвои средства за организација на маркет-проекција на најновиот македонски филм, со цел негова презентација што нуди можност за покана за прикажување на филмовите на филмски

фестивали, како и можност за заинтересираност кај агенти и кај дистибутери. Проекција на Филмскиот маркет имаше филмот: „Хеј“ во режија на Васил Христов.

УЧЕСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАНОТ „УМЕШНОСТА НА ДОБРИОТ ПИЧИНГ“ (23 - 24.04.2019)

Македонската канцеларија на европската програма MEDIA (МЕДИА Деск МК), во соработка со Агенцијата за филм, организираше интензивната тренинг-програма предводена од Брајан Мекгил „Умешноста на добриот пичинг: подготовка и практика“, која се одржа на 23 И на 24 април 2019година, во рамките на 22. Скопски филмски фестивал.

Тренингот беше наменет за продуценти, режисери и за сценаристи на долгометражен филм во развој, кои имаа активни апликации за долгометражен филм во развој на првиот рок на „Конкурсот за поддршка на производство на долгометражен и на краткометражен игран, документарен и анимиран филм“, објавен од страна на Агенцијата за Филм на Република Северна Македонија, на 23.1.2019 година.

Целта на оваа активност беше да ги подготви авторите како најдобро да го презентираат (pitiching) својот проект. Учесниците во тренинг-програмата се стекнаа со конкретни вештини и со знаења за пичинг, а имаа и можност да го пичираат и својот тековен проект пред интернационалниот експерт Брајан Мекгил, кој даде свои совети и препораки за секој проект поединечно.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАНОТ „ЕВРОПСКИ ДЕН НА МЛАДА ПУБЛИКА“ (07. 5.2019)

Агенцијата за филм во соработка со Европската филмска академија оваа година по петти пат го организираше настанот „Европски ден на млада публика“.

На 7 мај се одржа уникатниот паневропски настан на Европската филмска академија „Награда на младата публика“ кон кој се приклучија и стомина млади од нашата земја на возраст од 12 до 14 години.

Настанот се одржа во Кинотеката на Република Северна Македонија, каде што младите од нашата земја, заедно со повеќе од 4.000 млади од 36 земји низ Европа, беа дел од меѓународно жири кое одлучуваше за најдобриот европски филм во оваа конкуренција (номинирани филмови: “Old Boys” во режија на Тоби Мекдоналд (Велика Британија/Шведска), “Los Bando” во режија на Кристијан Ло (Норвешка/Шведска) и “Fight Girl” во режија на Јохан Тимерс (Холандија/Белгија).

Учениците од основни училишта од Скопје го сочинуваа македонското жири како дел од меѓународното жири. Настанот во текот на целиот ден преку видеоврска и во живо се пренесуваше во сите земји-учеснички, со што се создаде можност за интерактивна комуникација помеѓу сите 4.000 членови на меѓународното жири.

Настанот беше организиран од страна на Европската филмска академија и од Агенцијата за филм, во соработка со Кинотеката на Република Северна Македонија.

МАКЕДОНСКАТА КИНЕМАТОГРАФИЈА НА КАНСКИОТ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ И НА ФИЛМСКИОТ МАРКЕТ (МАЈ, 2019)

Македонската режисерка Елеонора Венинова, со свој краткометражен филм, дел од програмата Directors' Fortnight 2019 (Quinzaine des réalisateurs)

Во рамките на 72. Кански филмски фестивал, на отворањето на програмата Cannes Directors' Fortnight 2019 (Quinzaine des réalisateurs) на 15 мај во Théâtre Croisette беше прикажан омнибус од пет краткометражни филмови во кои со свој филм учествуваше и македонската авторка Елеонора Венинова, со свој краткометражен филм. Филмот „THE SIGN" е еден од петте краткометражни играни филмови снимени како дел од проектот Southeast European Factory (SEE Factory), реализиран според концептот "La Factory", основан од Dominique Welinski и Directors' Fortnight. Проектот Southeast European Factory (SEE Factory) е за соработка меѓу пет земји од регионот, меѓу кои е и Република Северна Македонија. За реализацијата на овој проект беа водени разговори со филмските центри од регионот на минатиот Кански филмски фестивал, по што кон крајот на минатата година, од страна на Агенцијата за филм, беше потпишан и договор за негова реализација. Врз основа на овој договор за реализација на Southeast European Factory (SEE Factory), пет млади автори од регионот имаа можност да работат на пет филмови реализирани од пет автори од регионот и од пет автори од светот, кои заедно работеа во двојки. Филмовите се реализирани со поддршка на филмските фондови од регионот.

По овој повод, од страна на филмските центри од петте земји, кои беа дел од овој проект, на 16 мај беше организирана и забава. На забавата присуствуваа многу значајни имиња од европската филмска индустрија.

Макеоднски филм со проекција на Филмскиот маркет во склоп на Фестивалот

На годинашниот Филмски маркет во склоп на фестивалот се прикажа дебитантскиот долгометражен филм на режисерот Куштрим Бектеши - „Незаборавна пролет во заборавено село", со проекција на 17 Мај, со почеток во 18.00 часот, во киносалата GRAY 3, организирана од Агенцијата за филм.

Агенцијата за филм со промотивен штанд на макеодонската кинематографија по деветти пат на Филмскиот маркет

Агенцијата за филм и оваа година беше дел од павилјонот на земјите од Југоисточна Европа и се претстави на филмскиот маркет што се одржува во рамките на Канскиот филмски фестивал. Македонскиот штанд е во склоп на Филмскиот маркет на Канскиот филмски фестивал.

ПРИСУСТВО НА АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ВТОРАТА СЕСИЈА ОД ГОДИШНАТА РАБОТИЛНИЦА НА LIM LESS IS MORE – ВО РАМКИТЕ НА 18. МЕЃУНАРОДЕН ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ВО ТРАНСИЛВАНИЈА (TRANSYLVANIA INTERNATIONAL FILM FESTIVAL - TIFF) (ЈУНИ, 2019)

Во текот на 18. издание на TIFF, во програмата на Фестивалот беше прикажан македонскиот филм „Господ постои нејзиното име е Петрунија" во режија на Теона Стругар-Митевска, додека во рамките на фестивалската програма, посветена на филмските професионалци, од Република Северна Македонија беше присутна делегација од еден претставник од Агенцијата за филм (Анита Стојческа, виш соработник за филмска дејност) и еден филмски продуцент (Гоце Кралевски, ДНФ Филмска продуцкција), како гости на втората сесија на годишната работилница LIM – Less is More.

Присуството на македонската делегација на овој филмски настан е активност во рамките на едногодишното партнерство меѓу Агенцијата за филм и Less is Moreза 2019 година.

Македонски автори селектирани како учесници во рамките на годишната работилница за 2019 година се Ѓорче Ставревски со неговиот нов проект, кој е во развој во делот Project Development, и Елена Станишева во делот Developing Angels. Македонските автори во текот на 2019 година ќе бидат дел од три сесии на работилниците, каде ќе имаат можност професионално да се усовршат.

УЧЕСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРВИОТ КОПРОДУКЦИСКИ ФОРУМ ЗА ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ (MAKECOPRODOX) ВО РАМКИТЕ НА 10. ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ ЗА КРЕАТИВЕН ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ MAKEDOX (25 - 27.8.2019)

Во рамките на 10. издание на Маке докс се одржа првиот копродукциски форум посветен на тема на копродукции во документарниот филм.

Целта на форумот беше размена на искуства, знаења и на практики за финансирање, презентација и за промоција на документарниот филм. Од оваа причина, на форумот имаше претставници од сите сегменти на дејноста, како филмски фондови (финансиска поддршка), телевизии (прикажување), продуценти (реализација) и филмски фестивали (промоција и презентација), сè со цел поблиска соработка на сите овие сегменти кои мора меѓусебно да соработуваат.

На форумот беа поканети регионални претставници од фондови за финансиска поддршка и од нордиските земји, продуценти на успешни документарни филмови, кои се реализирани како копродукции, меѓународни филмски фестивали за документарни филмови и телевизии.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА LESS IS MORE PRE-WRITING WORKSHOP ВО РАМКИ НА ИФФК „БРАЌА МАНАКИ" (16 - 20.9.2019)

Во организација на Агенцијата за филм, во периодот од 16 до 20 септември во Битола се одржа интензивната работилница Pre-writing workshop (на програмата LESS IS MORE) во рамките на 40. издание на Фестивалот „Браќа Манаки". Работилницата PREWRITING WORKSHOP во

Македонија се одржа врз основа на воспоставеното едногодишно партнерство на Агенцијата за филм и Le Groupe Ouest, која е основач на Европската програма за развој на долгометражен игран филм LESS IS MORE.
Целта на работилницата беше да се приберат идеите за филмови од сите учесници, зајакнувајќи и усмерувајќи ги да склопат силни проекти за идни филмови уште пред да влезат во процес на развој, стекнувајќи се со знаења и за тоа како буџетските ограничувања можат да предизвикаат креативност.
Учесници на работилницата: Ева Камчева (МК), Марко Ѓоковиќ (МК), Трифун Ситниковски (МК), Јаков Попоски (МК), Душан Ефремов (МК), Стефан Марковски (МК), Уна Радиќ (ХР), Миха Субиќ (СЛО) и Ана Вујадиновиќ (ЦГ)

6. ЕВРОПСКИ ФОНДОВИ ЗА ПОДДРШКА И ПОДДРЖАНИ ПРОЕКТИ

6.1. Еуримаж

Еуроимаж е фонд за поддршка на проекти од областа на културата на Советот на Европа. Основан е во 1989 година и брои 38 од 47. земји-членки на Организацијата со седиште во Стразбур, а Аргентина и Канада како придружни членки.

Северна Македонија е член на Еуримаж од 2003 година и оттогаш македонските професионалци можат да аплицираат и да ги користат финансиските средства од овој фонд

Во период од 2009 до 2019 година, од страна на Еуримаж се поддржани вкупно 21 филмски проект, односно 50 проценти од вкупно пријавените проект, што во просек изнесува 2,1 проект на годишно ниво (вклучувајќи ги македонските мнозински и малцински копродукции).
